# Влијанието на словенечкиот театар во Македонија

**Клучни зборови:** влијание, македонски театар, словенечки театар, театарски фестивали, режисери

Овој научен труд е дел од билатералниот проект Македонско-словенечки театарски врски, што ги истражува начините на придобивање на театарската комуникација меѓу Република Македонија и Република Словенија, во периодот од нивното прогласување на независноста од Југословенската федерација, од 1990, па сè до 2016 г. Овој специфичен дел од истражувањето се однесува на начините на кои билатералната комуникација е стекната во Македонија во дваесет и пет години, имајќи го главниот фокус концентриран на влијанието на естетиката на Словенско младинско гледалишче (СМГ) и влијанието на неколкумина современи словенечки театарски режисери, чија поетика и естетика влијае на македонскиот театар.

Истражувањето е генерирано низ две оптики во кои се препознава влијанието. Првата оптика го вклучува присуството на различните профили на словенечките театарски уметници во театарските продукции во Република Македонија: режисери, актери, драмски автори, драматурзи, кореографи, композитори и сценографи. Оваа „миграција“ влијаела на тој начин што односот кон театарот во Македонија се сменува од страна на домашните театарски уметници, откако ќе има посета од словенечки автор, како и на промената на комуникацијата. Со динамиката со која креативниот тим работи на претставата, најчесто направена од режисерот, се променува и целата естетика во театарот. Втората оптика, генерално, е посветена на гостувачките словенечки продукции во македонските театри и на фестивалите. Според заклучоците што македонскиот истражувачки тим ги доби по анализите на присуството на словенечките театарски уметници директно во македонските театарски продукции и учеството на словенечките продукции на фестивалските сцени во Република Македонија, според фокализацијата, се забележуваат два значајни темати. Првиот, реферира на учеството на СМГ на Млад отворен театар (МОТ), со вкупен број од дваесет и пет фестивалски посети, а вториот е генералната рамка на влијанието од словенечките театарски режисери што го имаат во македонскиот театар, директно и индиректно, презентиран во поглавјето на студии на случај.

Словенско младинско гледалишче се профилира како автентична форма на сценска

лабораторија со инвентивни и свежи сценски форми на изведба. Од неговото формирање во седумдесеттите години, МОТ, исто така, се профилира како театарски фестивал на експериментални театарски форми и сценски лаборатории. Оваа сличност го прави МОТ најдостапна платформа за презентација на продукциите на СМГ во Република Македонија.

Бројот на посети не е единствениот релевантен знак на ова влијание; следејќи го репертоарот на македонските театри, исто како и авторската поетика и естетика на македонските режисери, може да се забележи директно влијание. Влијанието од СМГ може да биде изучувано одблизу преку современиот театарски проект на кој начин е третирана сцената, драмскиот текст и работата со актерите. Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот" од Велес имаше директна соработка со СМГ во 2016 г. Непосредното искуство со копродукцијата „Федра" (С. Димоски/А. Ивановски, 2016) јасно ги покажа принципите на работа според кои СМГ оперира на неколку различни нивоа, посебно во актерскиот процес.

Студиите на случај, каде што влијанието на поетиката на словенечките режисери е директно видена во македонските театарски продукции, може да се поделат на две групи: непосредно – преку режијата на театарските претстави во Македонија (како што е примерот со режиите на Диего де Бреа и Томи Јанежич) и индиректно – преку учеството на неколку претстави на различни фестивали во Република Македонија (примерот со специфичната сценска поетика на Томаж Пандур).

Македонската публика уште одамна ја имаше приликата да се сретне со неколку претстави на Пандур од сите негови авторски периоди: „Тешки завеси", продукција на Тесписов воз, Марибор, (1982); „Мртвиот човек доаѓа по неговата љубовница", (продукција на Тесписов воз, Марибор, (1984); „Ноќни смени", исто така продукција на Тесписов воз, (1989); „Шехерезада", продукција на СМГ; „Калигула", продукција на ГДК „Гавела" од Загреб; „Медеја" според Еврипид (копродукција на Дубровничкиот летен фестивал), на МНТ Фест, (2014) и „Фауст", продукција на СНГ Драма, прикажана постхумно на МНТ Фест, (2016).

Конечно, директната и фатална врска меѓу македонскиот театар и Пандур се случи при режијата на Шекспировиот „Крал Лир" во 2016 г. во МНТ, по која „завесата никогаш не се подигна". Влијанието на поетиката на Пандур што го има во (Македонија) театарот е многу силен и јасно се препознава во многу претстави поставени од македонски режисери (на пример „Ромео и Јулија", во режија на Дејан Пројковски и продукција на Истанбулскиот национален театар од Турција). Сепак, неговото влијание не е непрепознато во густината на семантичките јазли распоредени во театарската претстава, туку во копираните решенија.

Диего де Бреа (1969) е словенечки театарски режисер со уникатна постдраматичка театарска мисла што има режирано три претстави на македонските сцени. На

сцената на Народниот театар во Битола: „Злосторство и казна“ од Достоевски (2016) и Шекспиовиот „Отело“ (2014) и на сцената на Турскиот театар во Скопје, драмата „Крал Лир“ (2017). Треба да се забележи дека Де Бреа во двата театри и во Битола и во Турскиот театар, комплетно го смени начинот на третирањето на сцената, воведувајќи новитети во третирањето на сцената на македонскиот театар.

Томи Јанежич (1972) се појави на македонските театарски сцени, за прв пат во 2004 г., на МОТ („Три сестри“) со ансамблот на СМГ. Од тогаш, македонската публика, ја имаше можноста да ја види работата на овој режисер два пати, следната 2005 г. („Слепци“), кога работеше со актерите на МНТ, директно применувајќи ја својата поетика на актерската сензибилност, и во 2013 г., повторно на МОТ, со друга драма на Чехов, „Галеб“, изведена од актерите на Српско народно позориште – Нови Сад. Трите претстави на Јанежич, имаа неверојатен прием од публиката, но и меѓу македонските режисери, во коишто не може да се најде соодветен пример на овој начин на работа. Влијанието на Јанежич е препознаено во интересот на помладата генерација македонски театарски режисери и нивните претстави, најчесто одиграни во независна продукција.

Секој од тројцата режисери донесе промени на македонските сцени што е евидентно и лесно препознатливо. Без разлика дали е тоа направено со директна режија во македонски театар или преку претстава што била прикажана на македонски фестивал (најчесто на МОТ), секој од тројцата режисери направи видливо влијание врз македонскиот театар. Актерите во тие претстави, целиот ансамбл на претставите режирани во Македонија од овие тројца режисери, зборуваат за нивното неверојатно искуство од работата со нив, и како е сменет нивниот начин на глума и третирање на театарот.